РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-21
01.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

**Предмет: Одговор на претставки**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

Почитуван

Во Вашата претставка (наш бр. УПП 03/17 од 09.10.2024 г.) за погрешно класифицирана програма емитувана на програмскиот сервис од Наша ТВ на 8 октомври 2024 година, веројатно сте направиле превид укажувајќи на (цитат) - *„Мистична програма“*, а можеби сте мислеле на играно-анимираниот филм насловен - *„Самит на шаманите“*, авторското мултимедијално дело на уметникот [redacted], почетно емитувано со класификациска ознака за програма од прва категорија, а потоа, по прекин на речиси половина од целото времетраење, како – програма од втора категорија (8+).

Ако е така, тогаш на уредништвото на Наша ТВ ќе му биде укажано за погрешната програмска класификација која, како и во сличните случаи за кои досега сте реагирале, и овојпат е очигледна последица од – технички пропуст, а не од уредувачка неодговорност, што е посебно видливо од следниве контекстуални аргументи:

- на 8 октомври, во целината на програмскиот сервис на Наша ТВ, играно-анимираниот филм *„Самит на шаманите“* е емитуван – од **22:02:30 до 23:26:34** часот -, што е сосем соодветен период било за програма од трета (12+) било за програма од четврта категорија (16+), оти – тематски, содржински и според режисерската постапка, филмот што од одреден аспект може да се гледа и како провокативна галерија на македонската алтернативна уметничка сцена од крајот на XX век, балансира по границата од двата класификациски описа дадени во Правилникот за заштита на малолетните лица;

- содржински и жанровски, емитувањето на аудиовизуелното дело е погрешно најавено со шпица за - *„македонски документарен филм“* - обележано со предупредувачка сигнализација за програма од прва категорија;

- уредувачки – континуитетот, или подобро речено – интегритетот на делото е крајно нелогично прекинат со десетминутен блок за реклами и за самопромотивни најави, па е продолжен како нова, засебна аудиовизуелна целина, одново најавен со шпицата за - *„македонски документарен филм“*, но сега со примена на предупредувачката сигнализација за - програма од втора категорија (?!);

- во контекстот, пак, на целината на програмскиот сервис од овој датум, емитувани се емисии / програмски целини што ненужно, а сепак просто

формално се означени со предупредувачката сигнализација за програми од прва и од втора категорија:

- **снимки од концерти** на народна и на џез музика, како и на забавна музика за деца;
- „**Помагачот**" – документарно-забавна емисија со актерот Рубенс Муратовски (*фактографски приказ вештини неопходни за одредена работна обврска*);
- „**Сон на смешниот човек**", анимиран кусометражен филм по мотиви од расказ на Ф.М. Достоевски;
- „**Спортски легенди**" – куси документарни биографии на светски спортисти;
- „**Ѕвезди и приказни – здрави животни навики и здрава исхрана**" – образовно-документарна програма;
- „**Проект здравје**", информативна специјализирана емисија за медицина;
- „**Тоше Проески**", документарен филм;
- „**Полови разлики во емоционалноста**", образовна програма;
- „**091**" – документарна програма;
- „**Досие Скопје**" – документарна програма;
- „**Културо** – интервју со Васил Абаџиев, сценограф" – документарна програма;
- „**Македонски спортски легенди**" Зоран Мицевски, фудбалер и д-р Сашко Кедев, алпинист – документарна програма;
- „**Зготвено над облаци**" – документарно-забавна програма / за кулинарство.

Исто така, нејасно е на кои видови програми / емисии, односно на кои „наслови" се однесува и Вашата сукцесивна претставка (наш бр. УПП 03/21 од 21.10.2024 г.) за програмскиот сервис на Наша ТВ од 11 и од 17 октомври, па само според паушалната - „полнокна" - саатница што сте ја навеле, може да се претпостави дека мислите на:

- играниот филм (комедија) „*Незаборавна пролет во заборавено село*" (2019 г.), во режија на Куштрим Бектеши, емитуван на 11 / 12 октомври, **од 21:59:13 до 00:16:50** часот; означен како програма од прва категорија;

- играниот филм (драма) „*Одмазда*" (2000 г.), во режија на Јан Хинтјенс, емитуван на 17 октомври, од **22:02:07 до 23:50:22** часот; означен како програма од прва категорија;

- ТВ-снимка од театарската претстава „*Безљубни*" (2015 г.), емитувана на 16 / 17 октомври, **од 23:34:03 до 01:54:15** часот, по текст на Благица Секуловска, во режија на Златко Славенски; означена како програма од втора категорија.

Повторно, ако се точни основните претпоставки за горенаведените видови програми, тогаш по истиот принцип како и во првонаведениот случај со филмот „*Самит на шаманите*", *на уредништвото на Наша ТВ ќе му биде укажано да посвети поголемо внимание при класификацијата на играната програма*, оти по увидот во жанровската целина на аудиовизуелните дела, сите наведени наслови требало минимум да бидат означени со предупредувачката сигнализација за програма од втора категорија, а максимум за програма од трета категорија. Но, ако се остави настрана неспорно погрешно применетата сигнализација, тогаш може да се тргне од првата регулаторно олеснителна околност што одново и самиот сте ја забележале – *сите наведени видови играна програма се емитувани во програмски периоди по 22 часот*, соодветни за прикажување (и) програми од трета категорија (12+).

Од друга страна, пак, и во овие три случаја, без да посочите конкретни одредници, останува дискутабилна објективноста на Вашата оценка за (не)соодветноста на категоризацијата, бидејќи - изразите што ги употребувате за вреднување сложени аспекти од аудиовизуелната целина (цитати): - „***екстремно вулгарен говор***"; „***нагласени еротски сцени – практично целиот фокус на претставата***" – или воопшто не се соодветен опис за основната намера на делата, или воопшто не

го земаат предвид гореспоменатиот контекст - и на засебната аудиовизуелна целина и на севкупниот програмски сервис емитуван на одреден датум.

На пример, во ТВ-снимката од целината на театарската претстава „Безљубни", има само една сцена (од 00:41 до 00:55), во која според режисерската постановка, односот „маж – жена" е претставен преку сексуално алузивни - вербални изрази и бурескна гестуална игра -, така што навистина би било банализација, исклучиво поради таа сцена, сиот комплекс на стереотипот за - *надреден / подреден* (всушност, вистинската намера на режисерот / сценаристот / драматургот) да биде сведен на, како што велите – „*нагласени еротски сцени – практично целиот фокус на претставата*". Всушност, додадената вредност на сценски прикажаниот поларитет „машко - женски" разочарани очекувања е предочена веќе во поетскиот наслов на претставата – „*Безљубни*".

Инаку, на почетокот од септември годинава, врз програмскиот сервис на Наша ТВ беше спроведен редовен административен и програмски надзор, и – не беше евидентиран прекршок на обврските од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ниту од Законот за медиуми (извештајот од надзорот е достапен на веб-страницата на Агенцијата – avmu.mk).

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**